**З А П И С Н И К**
**од Петтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 16.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Петтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 16.6.2017 година**

Седницата започна во 17:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Од седницата отсуствуваше Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. ПРЕДЛОГ ДО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА МАРКО ЗВРЛЕВСКИ ОД ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 67 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

2. КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

3. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

4. ИНФОРМАЦИЈА ЗА НАСТАНАТИОТ НЕПОВОЛЕН КЛИМАТСКИ НАСТАН – ПОРОЕН ДОЖД, ЕЛЕКТРИЧНИ ПРАЗНЕЊА, СИЛЕН ВЕТЕР И ГРАД И ПРИЧИНЕТИТЕ ШТЕТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ КУЛТУРИ НА 14.6.2017 ГОДИНА ВО СКОПСКИОТ, ТЕТОВСКИОТ, ВЕЛЕШКО – СВЕТИНИКОЛСКИОТ, КУМАНОВСКИОТ, ШТИПСКИОТ И ГЕВГЕЛИСКИОТ РЕГИОН

5. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ПОМОШ ЗА ИСПЛАТА НА ЗАГУБИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И НЕПОВОЛНИ КЛИМАТСКИ НАСТАНИ

6. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ УСЛУГА ЗА ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦА ОД СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК И ДЕЦА КОРИСНИЦИ НА ПОСЕБЕН ДОДАТОК ЗА ЛЕТО 2017 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА

7. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ, СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

8. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ ОД СТРАНА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

9. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА МОЖНОСТА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР – ОБЈЕКТ НА ДЕТСКО ОДМОРАЛИШТЕ „МАЈСКИ ЦВЕТ“ – СТРУГА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

10. ИНФОРМАЦИЈА СО ПРЕПОРАКИ ДО ОПШТИНИТЕ ДА ПРЕДВИДАТ ЛОКАЦИИ ЗА ПРИВАТНИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО НОВИТЕ ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

11. ИНФОРМАЦИЈА СО ПРЕДЛОГ ЗА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПРВА ГОДИНА - ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА ЈАВНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО БИТОЛА, УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО, УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП, УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ВО ОХРИД И УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ, ВО УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ – ОДЛУКИ

12. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ КВОТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ПРИПАДНИЦИ НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ НЕ СЕ МНОЗИНСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВА ГОДИНА – ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА ЈАВНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА, УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО, УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП, УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ВО ОХРИД И УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ, ВО УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Согласно мислењето доставено од Советот на јавни обвинители до Владата на Република Македонија бр. 03-143/3 од 13.6.2017 година, со кое по расправата по предлогот од Владата со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот, го прифаќа предлогот и дава позитивно мислење во врска со истиот, Владата врз основа на член 67 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/07 и 111/08), заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разреши Марко Зврлевски од функцијата јавен обвинител на Република Македонија поради:

- незаконито, ненавремено и недоволно стручно вршење на функцијата,

- во своето однесување и дејствување именуваниот покажа дека не е способен за извршување на функцијата,
- неподнесување на барање за покренување на кривична постапка за случаи предвидени со закон и
- нарушување на угледот на функцијата.

**Точка 2**

1. Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, согласно член 6-а од Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија, ги информираше членовите на Владата дека:

- Мери Атанасовски, се разрешува од советник на претседателот на Владата на Република Македонија од областа на образованието, иноваторството, науката и човечките ресурси;

- Александар Митов, се разрешува од советник на претседателот на Владата на Република Македонија, од областа на здравството и здравствениот систем;

- Татјана Арсова, се разрешува од советник на претседателот на Владата на Република Македонија од областа на Европската Унија;

- Азир Алиу, се разрешува од советник на претседателот на Владата на Република Македонија од областа на науката и информатиката;

- Виктор Новаковски, се разрешува од советник на претседателот на Владата на Република Македонија за образование и

- Крсте Маљановски, се разрешува од советник на претседателот на Владата на Република Македонија од областа на социјалната политика и работните односи.

2. Владата се информира дека Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија до Владата има доставено известување дека заменик-директорот на Фондот Марија Којзеклиска на 19.5.2017 година има поднесено барање за разрешување од функцијата заменик-директор на Фондот и истата со Одлука на Управниот одбор, бр.02-2464/1 од 25.5.2017 година е разрешена од функцијата заменик-директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

3. Владата ја констатира писмено доставената оставка заверена на нотар на Борис Алчев од должноста вршител на должноста управител на Друштвото фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ Велес.

4. Владата го разреши Ванчо Шехтански од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, на негово барање.

5. Владата ја разреши Надица Николоска од должноста вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука, поради истек на мандатот.

5.1. Владата го именува Томе Спировски за вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата ја разреши Анастасија Илиеска од должноста вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии.

6.1. Владата ја именува Сања Лукаревска за вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го разреши Зоран Поповски од должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

7.1. Владата го именува Зоран Атанасов за вршител на должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го разреши Митко Чавков од должноста директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи.

8.1. Владата го именува Лазо Велковски за директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разреши Владимир Атанасовски од должноста директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, орган во состав на Министерството за внатрешни работи.

9.1. Владата го именува Горан Николовски за директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, орган во состав на Министерството за внатрешни работи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, ги разреши:

- Слободан Тодоровски
- Сања Ѓуровска
- Ѓорѓи Наумов
- Антонио Петков и
- Иван Соколов

10.1. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје, ги именува:

- Марјан Даскаловски
- Зоран Наков
- Ирена Станковска
- Ристе Спасовски и
- Илми Селами.

**Точка 3**

По ова точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за настанатиот неповолен климатски настан – пороен дожд, електрични празнења, силен ветер и град и причинетите штети на земјоделските култури на 14.6.2017 година во Скопскиот, Тетовскиот, Велешко – Светиниколскиот, Кумановскиот, Штипскиот и Гевгелискиот регион и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира комисии кои по поднесените барања за утврдување на настанатата загуба, односно штета од страна на носители на земјоделски стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, веднаш да извршат увид на лице место за настанатата загуба, односно штета од неповолниот климатски настан и да состават записници за извршениот увид.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство веднаш да ги информира носителите на земјоделските стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, во периодот од 19.6.2017 до 30.6.2017 година да ги поднесат барањата за утврдување на настанатата загуба, односно штета до подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2017 година, со Предлог–одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Доколку се добие позитивно мислење од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Град Скопје се смета за донесена, во предложениот текст.

2. Трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ -Скопје.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од пет дена да донесе програма за седумдневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезона лето 2017 година и процедура за реализација на Проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на летниот распуст во учебната 2016/2017 година.

4. Се задолжува министерот за труд и социјална политика во рок од седум дена да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од: Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика до крајот на јуни 2017 година да склучи договор за соработка со Црвениот крст на Република Македонија, со цел вклучување на волонтери во улога на воспитувачи/стручни лица кои ќе бидат со децата за време на превозот и престојот во капацитетите за реализација на услугата одмор и рекреација.

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во јуни 2017 година да објави јавен повик на Македонската радио-телевизија во сите редакции, веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика и во центрите за социјална работа.

7. Се укажува на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија – Скопје, во рок од три дена од денот на добивањето, бесплатно да го емитува јавниот повик за Проектот за користење бесплатни услуги за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и корисници на посебен додаток.

8. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од 5 дена по објавување на јавниот повик да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземаат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за формирање на совет за следење на состојбите во пензискиот систем, со Предлог-одлука за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем, за наредната седница, која ќе се одржи на 19.6.2017 година (понеделник), поради потребата Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на Предлог-одлуката согласно укажувањата изнесени од страна на Секретаријатот за законодававство.

Истовремено, Владата заклучи во усогласениот текст на Предлог-одлуката за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем, како член да биде вклучен и министерот за економија, м-р Крешник Бектеши.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за именување на членови на Економско-социјалниот совет од страна на Владата на Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. За членови на Економско-социјалниот совет ги именува следните министри:

-Мила Царовска, министер за труд и социјална политика - член и претседател на Економско-социјалниот совет;
-д-р Драган Тевдовски, министер за финансии - член на Економско-социјалниот совет;
-м-р Крешник Бектеши, министер за економија - член на Економско-социјалниот совет;
-д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори - член на Економско-социјалниот совет.

2. Министерствата кои подготвуваат закони, стратешки документи и други подзаконски прописи, а кои произлегуваат од процесот на креирање и имплементација на економски и социјални политики, пред да ги доставуваат до Владата да ги доставуваат до Економско-социјалниот совет.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за разгледување на можноста за давање на трајно користење на недвижна ствар – објект на детско одморалиште „Мајски цвет“ – Струга на Министерството за труд и социјална политика, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука во соработка со концесионерите и универзитетите кои имаат дисперзирани студии во детското одморалиште „Мајски цвет“ – Струга да ја разгледа можноста за давање на трајно

користење на детското одморалиште „Мајски цвет“ - Струга на Министерството за труд и социјална политика и за истото да ја информира Владата во рок од 14 дена.

**Точка** 10

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со препораки до општините да предвидат локации за приватни детски градинки во новите детални урбанистички планови, со заклучок Министерството за труд и социјална политика да го повлече претходно доставениот материјал и за наредната редовна седница на Владата, што ќе се одржи на 19.6.2017 година (понеделник), да достави нов предметен материјал со кој ќе им се препорача на општините во Република Македонија да ги разгледаат можностите за предвидување локации за нови детски градинки, како и за изградба на нови детски градинки во рамките на иста парцела до постојните градинки.

**Точка** 11

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2017/2018 година, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ – Скопје, во учебната 2017/2018 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за утврдување на бројот на квоти по студиски програми за студенти, чие родителското право го врши само еден родител, кои ќе плаќаат половина од износот на уписнина во рамки на државните квоти, односно во рамките на квотите со кофинансирање на студиите, во учебната 2017/2018 година, во предложениот текст.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, се задолжува Министерството за образование и наука да подготви и до Владата да достави информација со детална анализа за предностите и слабостите на дисперзираните студии во Република Македонија, во насока на нивно целосно укинување или ревидирање, притоа имајќи го предвид фискалниот аспект.

**Точка** 12

Владата ја донесе Одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2017/2018 година, во предложениот текст.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**